СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

**Бр. 02-1046/15**
**Скопје, 27.10.2021 година**

Врз основа *член 21, став 1 точка 22* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (Сл.весник на РСМ бр. 118/2021) и член 25 од Деловникот за работа на Собранието на СКМ, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата **11-та** седница, одржана на **27.10.2021** година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за усвојување на иницијативата со предлози за дополнување на Законот за здравствената заштита

**Член 1**

Се усвојува **иницијативата со предлози за дополнување на Законот за здравствената заштита**, доставена од Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија.

Иницијативата со предлозите за дополнување на Законот за здравствената заштита од Извршниот одбор е во прилог на оваа одлука.

**Член 2**

Иницијативата со предлозите за дополнување на Законот за здравствена заштита ќе бидат доставени до: координаторите на сите пратенички групи во Собранието на РСМ, до Комисијата за здравство во Собранието, Секторот за нормативно-правни и управни работи при Министерството за здравство на РСМ и до министерот за здравство на РСМ.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Иницијативата произлегува од утврдените надлежности во член 9 став 1 точка 23) од Статутот на Комората („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 118/21), според кој меѓу другото, Комората покренува и дава иницијативи за донесување и изградување на мислења и дава предлози по однос на закони, прописи и други мерки од областа на стоматолошката здравствената заштита, коишто се однесуваат на стоматолошката здравствена заштита, согласно Законот, констатираните проблеми при практичната примена на Законот, предлозите од членовите на Комората за унапредување и подобрување на законските решенија и нормативно доуредување на одредени прашања.

Иницијативата беше разгледана на седница на Извршниот одбор одржана на 06.10.2021 година и ИО ги утврди следните предлог-одредби за дополнување на Законот за здравствената заштита:

1. **ПРЕДЛОГ-ОДРЕДБА за дополнување на член 70 од Законот**

**Во член 70 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:**

„(4) Поликлиника што спроведува стоматолошка здравствена дејност во две или повеќе ординации може да спроведува дејност на примарно ниво во ординации од примарно ниво и специјалистичко-консултативна дејност во ординации од секундарно ниво (стоматолошка поликлиника на примарно и секундарно ниво).“

2. **ПРЕДЛОГ-ОДРЕДБА за дополнување на член 250 од Законот**

**Во член 250 по став (3) се додаваат два нови става, кои гласат:**

„(4) По исклучок од став (1) од овој член во Стоматолошката комора се здружуваат и здравствени работници со средно, вишо и високо стручно образование со положен стручен испит вработени во здравствени установи што вршат стоматолошка здравствена дејност.

(5) За здравствените работници од ставот (4) на овој член Стоматолошката комора води евиденција.“

**3. ПРЕДЛОГ-ОДРЕДБА за дополнување на член 256 од Законот**

Во член 256 став (1) по точката 3) се додава нова тока 4), која гласи:

„4) донесува акт за утврдување на минималните цени на здравствените услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства;“

Точката 4) станува точка 5).

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П. ____________________